**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**LACTATED RINGER'S injection / VIOSER**
**Раствор за инфузија**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Вие препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството содржи:**

1. *Што претставува LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија*
3. *Како да се употребува LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија*
4. *Можни несакани дејства (реакции)*
5. *Чување и рок на употреба на LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија*

**LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија**
*Активна супстанца*: натриум хлорид, калиум хлорид, калциум хлорид дихидрат, натриум лактат.
*Помошни супстанци*: вода за инјекции.

**Носител на одобрението за ставање во промет**
ФАРМАГЕН увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, ул. 29 ноември 69/4, 1000 Скопје, Р. Македонија.

**Производител**
VIOSER S.A. / PARENTERAL SOLUTION INDUSTRY, 9th km National Road Trikala-Larisa / Taxiarches, Trikala, 42 100Грција

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Инфузионите раствори за интравенска администрација на голем волумен на ВИОСЕР се произведени со технологијата на Fresenius A.G. (Германија) кои го користат системот на Bottle-Pack кој што обезбедува стерилни и производи без пирогени супстанции. Пред употреба со влечење да се отстрани заштитниот прстен од излезот за апликација на приборот за инфундирање.

**Состав**
100ml раствор за инфузија содржи:

| | |
|---|---|
| - Натриум хлорид0,600g | |
| - Калиум хлорид | 0,030g |
| - Калциум хлорид дихидрат | 0,020g |
| - Натриум лактат | 0,620g |

Вода за инјекции доволно за 100ml

Концентрација на електролити:

| | | |
|---|---|---|
| $Na^+$ | 129,9mmol/l | (= 129,9 meq/l) |
| $K^+$ | 4 mmol/l | (= 4 meq/l) |
| $Ca^{2+}$ | 1,4 mmol/l | (= 2.8 meq/l) |
| $Cl^-$ | 109 mmol/l | (= 109 meq/l) |
| $Lactate^-$ | 28 mmol/l | (= 28 meq/l) |

LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија се употребува како замена на течности кај балансирана ацидо-базна рамнотежа и блага ацидоза. Се користи како примарен волумен за замена во итни случаи. Се користи за одржување на балансот на течностите пред, за време, и после операција.

**Пакување**
Полиетиленско шише од 100ml, 250ml, 500ml и 1000ml.

**2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија**

**Немојте да го употребувате LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија ако:**

- имате хипернатремија, хиперкалемија, хиперкалцемија, ренална инсуфициенција, оштетување на хепатоцитите, лактатна ацидоза, метаболна алкалоза, срцева инсуфициенција,
- доколку шишето протекува и ако растворот не е бистар или содржи видливи честички.

**Бидете посебно внимателни со LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија, ако:**

- имате ренално нарушување и инсуфициенција,
- имате хипертензија, периферен и пулмонален едем треба да се намали волуменот на растворот.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**
Нема податоци.

**Употребување на други лекови**
Доколку растворот се меша со друг лек треба да се изврши проверка на pH. Пред да се измеша со друг лек треба да се провери компатибилност помеѓу растворот и лекот.
Да не се меша со раствори кои што содржат фосфати.

*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*

*Информирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

**3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија**
Потребната доза и времетраењето на LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија ќе ја одреди Вашиот лекар.
LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија се користи исклучиво во здравствени установи.
LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија ќе Ви го даде обучено медицинско лице со давање на лекот интравенски (во вена).

**Дозирање**
Дозирањето зависи од возраста, телесната тежина и клиничката состојба на пациентот.
Растворот треба да се искористи веднаш после отворањето.

**Предозирање**
Зголемување на волуменот на течности во организмот. Можност од појава на хипернатремија, хиперкалемија, хиперкалцемија, лактатна ацидоза.

**4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА**

Како и сите лекови, LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија може да има несакани дејства. Администрација на високи дози може да предизвика ретенција на вода и натриум, пулмонален едем и хиперкалемија.

**5. ЧУВАЊЕ НА LACTATED RINGER'S injection / VIOSER раствор за инфузија**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Да се чува на температура до 25°C
**Лекот чувајте го на места недостапни за деца!**

**Рок на употреба**

Рокот на траење на производот во полиетиленски шишиња е 3 години (36 месеци). Производот треба да се искористи веднаш по отворањето.

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на шишето.*

*Не го употребувајте лекот ако сте забележале дека растворот е заматен или содржи честички.*

**Начин на издавање на лекот**
Лекот се применува само во здравствена установа.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ